ОБРАЗЕЦ бр.1

**П Л А Н**
**за спроведување на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Назив на предлог Законот: | Предлог за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција |
| Министерство: | Министерство за здравство |
| Лице за контакт: (одговорно лице) | Алити Авни, дипломиран правник |
| Очекуван датум за условување на предлог Законот: | Декември 2009 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви: | |

**Дел 1: Почетната проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(Забелешка: Овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронски регистар на прописи)

## А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

Т.1. Кои се главните проблеми?

Со Законот за санитарната и здравствената инспекција кој е во сила не се доволно јасно прецизирани надлежностите на Државниот санитарен и здравствен инспекторат како орган во состав на Министерството за здравство, и со измените и дополнувањата на овој закон се очекува овој проблем да биде надминат.

Со Законот за санитарната и здравствената инспекција кој е во сила можност за вршење на работите и работните задачи – советник инспектор имаат само здравствените работници со високо образование доктор по медицина, додека со измените и дополнувањата можност за вршење на работите и работните должности – советник инспектор ќе имаат и здравствените работници кои се доктори стоматолози.

Со предлог измените и дополнувањата на Законот за санитарна и здравствена инспекција, ќе се изврши усогласувањето на Главата VI Казнени одредби од Законот за санитарната и здравствената инспекција со глава прва, шеста, и десета од Законот за прекршоците.

Т.2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Со предлог измените на Законот за санитарната и здравствената инспекција ќе се изврши:

- прецизирање на надлежноста на Државниот санитарен и здравствен инспекторат во делот на издавањето на решенијата за вршење на одредена дејност.

- усогласување на Законот за санитарната и здравствената инспекција со Законот за козметички производи, Законот за управување со кризи и Законот за прекршоците.

- усогласување на Законот за санитарната и здравствената инспекција со Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за здравство – Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Т.3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Во процесот на влијанието на регулативата - односно во процесот на консултации ќе бидат вклучени:
-Комисијата за изготвување на предлог измените и дополнувањата на Законот за санитарната и здравствената инспекција, формирана со решение од Министерот за здравство.
- релевантните сектори од Министерството за здравство.

**Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата.**

Т.1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Во врска со надлежноста на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, во издавањето на решението за вршење на занаетчиска дејност, има извршен инспекциски надзор Државниот управен инспекторат и решенијата издадени за вршење на занаетчиска дејност од страна на Државниот санитарен и здравствен инспекторат се поништени по право на надзор согласно член 263 од Законот за општа управна постапка.
Обезбедени се прописите кои се однесуваат на занаетчиската дејност, и другите прописи од оваа дејност.

Т.2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Во врска со поништувањето на решението на Државниот санитарен и здравствен инспекторат, преку Врховниот суд на Република Македонија е поднесена тужба за управен спор и чекаме судска одлука од највисокиот суд по овој спор кој директно се однесува на стварната надлежност на Државниот санитарен и здравствен инспекторат како орган во состав на Министерството за здравство.

Т.3. Кој тип и ниво на проценка е потребно ( Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата – принцип на пропорционална анализа)?

Иницијална проценка

Т.4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Нема потреба од формирање на меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата.